# ЗАПИСНИК

## од 7. седница на
## Комитетот на советите на ЗЕЛС

Скопје, 19 април, 2016 г.

ЗАПИСНИК
од 7. седница на Комитетот на советите на ЗЕЛС
Скопје, 19 април, 2016 г.

**Присутни членови на Комитетот на советите на ЗЕЛС**: ***Трајче Донев***-*општина Кисела Вода*, ***Хисен Џемаили***-*општина Тетово*, ***Ранко Давитков***-*општина Пробиштип*, ***Максим Димитриевски***–*општина Куманово* и ***Башким Машкули***-*општина Дебар*.

**ДИСКУСИЈА**:

Претседателот на Комитетот на советите на ЗЕЛС, Трајче Донев констатираше дека е обезбеден кворум за полноправно одлучување. Со присуство на петте членови на Комитетот на советите на ЗЕЛС, претседателот на ова тело предложи да се одржи седницата и да се разгледаат точките на предложениот дневен ред:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Избор на членови од Комитетот на советите на ЗЕЛС во Генералното собрание на ЗЕЛС
2. Предлог-план за обука на комисиите за урбанизам при општинските совети
3. Разно.

Присутните се согласија со предлогот на претседателот.

ПРВА ТОЧКА: Избор на членови од Комитетот на советите на ЗЕЛС во Генералното собрание на ЗЕЛС

Согласно измената во Статутот на ЗЕЛС во однос на намалување на бројот на членови на Комитетот на советите, чиј состав од 12 члена се намалува на 9 члена, претседателот на ова тело ги предложи членовите кои ќе добијат 9 делегатски места со право на глас во Генералното собрание на ЗЕЛС. Оттука, бројот на делегати на Генералното собрание на ЗЕЛС се зголемува од 81 член на 90 члена, сите со право на глас.

Претседателот истакна дека 8 члена се избираат од редот на претседатели на осумте региони во Република Македонија утврдени со закон и претседателот на Совет на град Скопје по функција. Овој состав, како што истакна претседателот, ќе ги брои следниве членови:

1. **Трајче Донев** – *општина Кисела Вода*
2. **Хисен Џемаили** – *општина Тетово*
3. **Ранко Давитков** – *општина Пробиштип*
4. **Максим Димитриевски** – *општина Куманово*

5. **Башким Машкули** – *општина Дебар*
6. **Александар Колев** – *општина Велес*
7. **Ирена Мишева** – *град Скопје*
8. **Никола Димески** – *општина Прилеп*
9. **Николче Миовски** – *општина Радовиш*

Присутните членови на оваа седница на Комитетот на советите на ЗЕЛС едногласно ја усвоија одлуката по првата точка на дневниот ред.

Извршниот директор на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, дополни дека сепак горенаведените 9 делегатски места во Генералното собрание на ЗЕЛС ќе бидат официјално назначени на наредната седница на највисокиот орган на Заедницата, кога во суштина и ќе започне нивниот мандат.

ВТОРА ТОЧКА: Предлог-план за обука на комисиите за урбанизам при општинските совети

Претседателот на Комитетот на советите на ЗЕЛС ја истакна поддршката на меѓународната организација ОБСЕ за обезбедување обуки за членовите на комисиите за урбанизам при општинските совети. Покрај тоа, тој ги спомена и обуките наменети за членовите на комисиите за финансии во рамки на општините кои се организирани од УНДП. Во однос на обуките од областа на урбанизмот, Донев извести дека досега ОБСЕ има одржано три регионални обуки, а четвртата е предвидена само за претседателите на општинските совети кон средината на месец септември. Тој додаде дека на обуките ќе биде ангажирано стручно лице со опширно познавање на оваа област.

Во врска со обуките наменети за членовите на комисиите за урбанизам при општинските совети, претседателот појасни дека се работи за три еднодневни обуки организирани од ОБСЕ при што општините се поделени во три групи. Првата обука е предвидена за 10 мај 2016 г. во Штип, втората ќе се одржи на 12 мај во Струга, а третата на 13 мај во Скопје. Истовремено, Донев додаде дека патните трошоци за овие обуки ќе бидат на товар на општината.

Во овој контекст, претседателот на советот на општина Куманово, Максим Димитриевски ја поздрави иницијативата за организирање на овој вид обуки за членовите на комисиите за урбанизам со оглед на фактот што истите ќе имаат можност да дискутираат за подзаконските акти во областа на урбанизмот.

ТРЕТА ТОЧКА: Разно

Извршниот директор на ЗЕЛС, Душица Перишиќ ги потсети присутните членови на оваа седница на Комитетот на советите на ЗЕЛС за редовно исплаќање на членарината во ЗЕЛС односно исплаќање на заостанатиот долг што го имаат одредени општини и предложи отворање на ова прашање за време на состаноците одржани од страна на општинските совети.

**Скопје, 19 април 2016 г.** **Составил:**

**Стручната служба на ЗЕЛС**